| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2596. | **Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водењето на евиденцијата за спроведената едукација........................ | 39 |
| 2597. | **Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водењето на евиденцијата за спроведената едукација........................ | 42 |
| 2598. | **Календар** за организација на учебната 2011/2012 година во основните училишта............................................... | 45 |
| 2599. | **Календар** за организација на учебната 2011/2012 година во јавните средни училишта.......................................... | 45 |
| 2600. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... | 47 |
| | **Огласен дел.........................................** | **1-48** |

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**2584.**

Врз основа на член 14 - а став (2) и (9) од Законот за пасишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/98, 101/00, 89/08, 105/09, 42/10 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација.

Член 2

(1) Поканата за едукација од член 1 од овој правилник се изготвува на образец со формат А4 во три идентични примероци во бела боја.

(2) Поканата од став (1) на овој член ги содржи следните елементи:

- грбот на Република Македонија и називот на органот кој ја спроведува едукацијата;

- име и презиме на сторителот на прекршокот, ЕМБГ/број на лична карта, адреса и место на живеење, а за одговорното лице во правното лице и функција која ја врши во тоа правно лице;

- датумот, местото и времето каде ќе се спроведе едукацијата;

- ратко означување на предметот на поканата и одредбата во која е утврден недеостатокот;

- име и презиме на инспекторот;

- број на записник;

- напомена дека доколку лицето или субјектот не се јави на закажаната едукација ќе се смета дека истата е спроведена; и

- место за печат и потпис.

(3) Доставницата за вратената покана е во продолжение на поканата за едукација и иста ги содржи следните елементи:

- грб на Република Македонија и називот на органот кој ја доставил поканата за едукација;

- до кого се доставува поканата (име, презиме и адреса);

- ЕМБГ/Број на лична карта;
- датаум на приемот  и потпис на примачот;
- место и потпис на доставувачот.

(4) Образецот на поканата за едукација е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Едукацијата ја вршат стручната служба и раководните државни службеници во Државниот инспекторат за земјоделство.

(2) Едукацијата се врши во просториите на Државниот инспекторат за земјоделство или на местото каде се наоѓа седиштето односно живеалиштето на контролираниот субјект доколку се обезбеднеи минимум технички услови и има согласност од контролираниот субјект.

(3) Едукацијата се врши најмалку два пати во неделата.

(4) Едукацијата се врши за повеќе исти или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

(5) За спроведената едукација се составува записник кој содржи:

- грб на Република Македонија и називот на органот кој ја доставил поканата за едукација;
- назаивот на органот кој ја спроведува едукацијата;
- име и презиме на сторителот на прекршокот;
- ЕМБГ/број на лична карата
- место на живеење, а за одговорното лице во правното лице и функцијата што треба да ја врши во тоа правно лице;
- назив и седиште на првното лице;
- датумот, местото и времето кога се спровела постапката;
- име и презиме на вработениот во стручната служба во Државниот инспекторат за земјоделство или раководниот државен службеник кој ја спровел едукацијата;
- укажување на одредбата во која е утврден недостатокот за кој се спроведува едукацијата како и на мерките кој следат доколку несе отстрани недостатокот во дадениот рок;
- укажување дека доколку инспекторот при инспекцискиот надзор утврди повторен недостаток за кој претходно е спроведена едукација ќе бидат веднаш превземени соодветни законски мерки.

Член 4

(1) Евиденцијата за спроведената едукација се води во хартиена и електронска форма даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

(2) Евиденцијата за спроведената едукација содржи:

- реден број;
- физичко/правно лице кое се едуцира,
- предмет на постапка за едукација;
- број на записник;
- датум на составување на записникот;
- број и датум на поканата за едукација;
- датум и време на спроведување на едукација;
- име и презиме на едукаторот; и
- забелешка.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-6847/1
18 јули 2011 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски**, с.р.

**Прилог 1**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
Државен инспекторат за земјоделство
Бр. 10-____________________
_______________ 20___ година
Скопје

## ПОКАНА ЗА ЕДУКАЦИЈА

Се поканува лицето ____________________________, ЕМБГ/бр. на лична карта ________________ со адреса на живеење _____________________________, со функција ____________која ја извршува во ________________________. Да се јави на ден ______________ 20_____ година, во просториите на Државниот инспекторат за земјоделство во ___________ часот, за спроведување на едукација, согласно член 14 -а, а казниво согласно член __________ од Законот за пасишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 03/98, 101/00, 89/08, 105/09, 42/10 и 116/10).

Инспекторот ___________________________, недостатокот го констатираше во записник бр. ___________ од ____________.

Потпис

_______________________

М.П.

**НАПОМЕНА:** Согласно член 14-а од Законот за пасишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 03/98, 101/00, 89/08, 105/09, 42/10 и 116/10), доколку во закажаниот термин лицето над кое се спроведува едукација не се јави во закажаниот термин за спроведување на едукација ќе се смета дека истата е спроведена.

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
Државен инспекторат за земјоделство
Бр. 10-____________________
_______________ 20___ година
Скопје

| Име и презиме | Адреса | ЕМБГ/бр. на лична карта | Дата на приемот | Потпис на примачот | Место и потпис на доставувачот |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

**Прилог 2**

## Е В И Д Е Н Ц И Ј А

## ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОН ЗА ПАСИШТА

| Реден број | Физичко/ правно лице кое се едуцира | Предмет на постапка за едукација | Број на записник | Датум на составување на записникот | Број на покана за едукација | Датум на покана за едукација | Датум и време на спроведување на едукација | Име и презиме на едукаторот | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |